# Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“

Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“

# *Конфискација и привремени мерки за обезбедување на имот*

С у д и ј а

м-р Татјана Петровска

# КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ

- Кривичниот законик – VII Глава, од член 97 до 100 е дефинирана конфискацијата на имот и се определени условите за нејзино изрекување
- Законот за кривичната постапка - е регулирана постапката за конфискација на имот и имотна корист - Глава XXXIV од член 530 до член 541
- Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на РСМ“ бр. од 13 март 2024 година)

# КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ

- Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка („Службен весник на РСМ“ бр.53 од 04 март 2024 година)
- Како посебна казнено правна мерка во Македонија е воведена со законските измени на КЗ од 2004 година. Со измените од 2009 година, кои стапија во сила во 2010 година, се воведени и посредната и проширената конфискација, а уредена е и конфискацијата на имот и имотна корист од правно лице

# КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ

- Основата за воведување како казнено – правна мерка е со усвојувањето на меѓународните конвенции за спречување на организираниот криминал, корупција, перење на пари
- Конвенција на ООН против незаконит промет со опојни droги и психотропни супстанции (Виенска конвенција од 1988 година)
- Конвенција на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казнено дело (Стразбуршка конвенција) 1990 г

# КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ

- Казнената конвенција против корупцијата на Советот на Европа од 1999 година
- Конвенцијата на ООН против транснационален организиран криминал (Палермо конвенција) 2000 година
- Конвенција на ООН за спречување на корупција од 2003 година
- Конвенција на Совет на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси стекнати со казнено дело и финансирање тероризам (Варшавска конвенција од 2005 година

# КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ

- Конфискацијата на имот и имотна корист како казнено-правна мерка, не е кривична санкција, бидејќи не задира во правата и слободите на сторителот на делото
- Претставува ефикасно средство на борбата против новите форми на организиран криминал, како што е перењето на пари, корупција, тероризам и слично

# ОСНОВИ ЗА КОНФИСКАЦИЈА

- Никој не може да ја задржи непосредната или посредната имотна корист прибавена со кривично дело (член 97 од КЗ)
- Имотната корист ќе се конфискува со судска одлука со која е утврдено извршување на кривично дело под условите предвидени со КЗ

# ОСНОВИ ЗА КОНФИСКАЦИЈА

- Одлука за конфискација ќе донесе судот во постапка определена со закон и кога од фактички или правни пречки не е можно водење на кривичната постапка спрема сторителот на кривичното дело (застареност, амнестија, помилување, возраст под 14 години, имунитет)
- Под услови со ратификуван меѓународен договор, конфискуваниот имот може да биде вратен на друга држава

# КОНФИСКАЦИЈА НА ПОСРЕДНА ИМОТНА КОРИСТ

- Покрај непосредната имотна корист ќе се конфискува и посредна имотна корист што се состои во:

- имот во кој е трансформирана или претворена користа прибавена од кривично дело

- имот стекнат од законски извори, доколку користа прибавена од кривично дело е помешана, во целост или делумно, со таквиот имот, до проценетата вредност од понатамошна корист прибавена од кривично дело и

- приходот или друга корист што произлегува од користа прибавена од кривичното дело, од имот во кој користа прибавена од кривично дело е трансформирана или претворена или од имот во кој е помешана користа прибавена од кривично дело, до проценетата вредност на промешаната корист прибавена од кривично дело

# НАЧИН НА КОНФИСКАЦИЈА

- Од сторителот ќе се конфискува имотната корист прибавена со кривично дело што се состои во пари, движни или недвижни предмети во вредност, како и секоја друга сопственост, имот или актива, материјални или нематеријални права, а ако нивната конфискација не е можна на сторителот ќе му се конфискува друг имот што одговара на прибавената имотна корист
- Непосредната и посредната имотна корист се конфискува и од трети лица за кои е остварена со извршување на кривичното дело
- Имотната корист се конфискува и од членови на семејството на сторителот на кои е пренесена ако е очигледно дека не дале надоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист или од трети лица ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист

# НАЧИН НА КОНФИСКАЦИЈА

- Предметите што се прогласени за културно наследство и природни реткости, како и оние за кои оштетениот е лично врзан, се конфискуваат од трети лица без оглед на тоа дали истите им биле пренесени со соодветен надоместок
- Конфискуваното му се враќа на оштетениот, а ако нема оштетен, станува сопственост на државата
- Ако на оштетениот во кривичната постапка му е досудено имотно-правно барање, судот ќе изрече конфискација на имотната корист доколку тоа го преминува износот на ова барање

# ПРОШИРЕНА КОНФИСКАЦИЈА

- Од сторителот на кривичното дело сторено во рамките на злосторничко здружение со кое се остварува имотна корист и за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години, како и кривично дело во врска со тероризам од членовите 313, 394-а, 394-б, 394-в и 419 на овој законик за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна или е поврзано со кривичното дело  перење пари за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години, ќе се конфискува имотот стекнат во временски период пред осудата што судот го определува според околностите на случајот, но не подолг од пет години пред сторувањето на делото, кога врз основа на сите околности судот основано е уверен дека имотот ги надминува законските приходи на сторителот и потекнува од такво дело

# ПРОШИРЕНА КОНФИСКАЦИЈА

- Имотот од ставот (1) на овој член ќе се конфискува и од трети лица за кои е остварен со извршување на кривичното дело
- Имотот од ставот (1) на овој член се конфискува и од членовите на семејството на сторителот на кои е пренесен кога е очигледно дека не дале противнадоместок што одговара на неговата вредност или од трети лица ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на нивната врденост

# ЗАШТИТА НА ОШТЕТЕНИОТ

- Оштетениот кој во кривичната постапка во однос на своето имотно-правно барање е упатен на спор може да бара да се намири од износот на конфискуваната вредност, ако поведе спор во рок од шест месеци од денот на правосилноста на одлуката со која е упатен на спор и ако во рок од три месеци од денот на правосилноста на одлуката со која е утврдено неговото барање побара намирување од конфискуваната вредност
- Оштетениот кој во кривичната постапка не пријавил имотно-правно барање може да бара намирување на конфискуваната вредност ако заради утврдување на своето барање повел спор во рок од три месеци од денот на узнавањето за пресудата со која се конфискува имотната корист, а најдоцна во рок од две години од правосилноста на одлуката за конфискација на имотната корист и ако во рок од три месеци од денот на правосилност на одлуката со која е утврдено неговото барање побара намирување на конфискуваната вредност

# КОНФИСКАЦИЈА ОД ПРАВНО ЛИЦЕ

- Ако со кривичното дело на сторителот е прибавена имотна корист за правно лице, користа ќе се конфискува од него

- Согласно Конвенција на ООН против транснационален организиран криминал (Палермо конвенција од 2000 година) со Протоколите

# ПОСТАПКА ЗА КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ИМОТНА КОРИСТ

- Во ЗКП - Глава XXXIV од член 530 до член 541
- Имотот и имотната корист прибавена со извршувањето на кривичното дело се утврдува во кривична постапка
- ЈО е должен во текот на постапката да собира докази и да ги извидува околностите што се од важност за утврдување на имотот и имотната корист и да предлага мерки од членот 202 став (1) од ЗКП
- Ако оштетениот ставил имотноправно барање во однос на враќањето на предметите прибавени со кривично дело, односно во однос на износот што и одговара на вредноста на предметите, имотната корист ќе се утврдува само во оној дел кој не е опфатен со имотноправното барање

# Постапка за конфискација на имот и имотна корист

- При конфискација на имот и имотна корист прибавена со кривично дело, лицето врз кое е пренесена имотна корист, како и претставникот на правното лице ќе се повикаат заради испитување во претходната постапка и на главната расправа. Во поканата ќе се предупреди дека постапката ќе се спроведе и без нивно присуство

- Претставникот на правното лице ќе се испита на главната расправа по обвинетиот. На ист начин ќе се постапи во однос и на лицето врз кое е пренесена имотната корист, ако не е повикан како сведок

- Лицето врз кое е пренесена имотната корист, како и претставникот на правното лице се овластени во врска со утврдувањето на имотната корист да предлагаат докази и по овластување на претседателот на советот да им поставуваат прашања на обвинетиот, сведоците и вештаците

# Постапка за конфискација на имот и имотна корист

- Исклучувањето на јавноста на главната расправа не се однесува на лицето врз кое се пренесени имотот и имотната корист и на претставникот на правното лице

- Кога во текот на главната расправа ќе се утврди дека постојат услови за примена на мерката конфискација на имот и имотна корист, јавниот обвинител ќе предложи главната расправа да се прекине и да се повика лицето врз кое се пренесени имотот и имотната корист, како и претставникот на правното лице

# Утврдување на висината на износот на имотот и имотната корист

- Јавниот обвинител во прибирањето на потребните докази за утврдување на висината на износот на имотот и имотната корист прибавени со кривично дело, може да побара потребни известувања од други државни органи, финансиски институции и други правни лица и граѓани кои се должни без одлагање истите да ги достават

- Кога постои сомневање дека имотот се наоѓа во странство, судот е должен да распише меѓународна потерница или објава

# ПРОШИРЕНА КОНФИСКАЦИЈА

- Судот ќе изрече мерка проширена конфискација под услови пропишани во Кривичниот законик, ако обвинетиот во рок од една година од денот на започнување на главната расправа не може да докаже дека имотот или имотната корист се законски стекнати

- Ако во рок пократок од рокот од ставот (1) на овој член судот донесе првостепена пресуда за кривично дело, кога постојат законски услови за изрекување на мерката проширена конфискација, судот таа мерка ќе ја изрече со дополнителна пресуда против која е дозволена жалба согласно со одредбите од овој закон

# Изрекување мерка проширена конфискација спрема трето лице

- Судот со решение ќе изрече мерка проширена конфискација под услови пропишани во Кривичниот законик и спрема трето лице ако во рок од две години од денот на започнувањето на посебната постапка за конфискација не докаже дека за имотот или имотната корист дал противнадоместок што одговара на нивната вредност

- Постапката за изрекување мерка проширена конфискација се води по предлог на јавниот обвинител

- Против решението од ставот (1) на овој член лицето има право на жалба до непосредно повисокиот суд во рок од осум дена

# Одредување на привремени мерки на обезбедување

- Кога се исполнети условите за конфискација или проширена конфискација на имот и имотна корист, судот по предлог на јавниот обвинител ќе нареди привремени мерки на обезбедување утврдени со членот 194 од ЗКП
- Мерките од ставот (1) на овој член судот може да ги одреди спрема трети лица за кои постои сомневање дека врз нив се пренесени имот и имотна корист прибавени со кривично дело без соодветен надоместок
- Против решението со кое судот одредува привремени мерки на обезбедување, може да се изјави жалба во рок од осум дена
- Одлуката по жалба непосредно повисокиот суд ќе ја донесе во рок од осум дена

# Содржина на одлуката со која е изречена конфискација на имот и имотна корист

- Конфискација на имотна корист судот може да изрече во пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен, во решението за судска опомена или во решението за примена на воспитна мерка, како и решението со кое се изрекува мерка на безбедност
- Во изреката на пресудата или на решението судот ќе наведе кој имот или предмет, односно паричен износ се конфискува
- Заверен препис на пресудата, односно на решението му се доставува и на лицето врз кое е пренесена имотната корист, како и на претставникот на правното лице, ако судот изрекол конфискација на имотот и имотната корист од тоа лице, односно од правното лице

# Барање за повторување на постапката во однос на одлуката за конфискација на имотот и имотната корист

- Лицето од членот 531 на овој закон (лицето врз кое е пренесен имотот и имотната корист) може да поднесе барање за повторување на кривичната постапка согласно со членот 449 од овој закон во поглед на одлуката за конфискација на имотот и имотната корист

# Соодветна примена на одредбите од ЗКП во однос на жалбата

- Одредбите од членот 412 ставови (2) и (3) од ЗКП и на членовите 420 и 424 од ЗКП, согласно ќе се применуваат во однос на жалбата против одлуката за конфискација на имот и имотна корист

# Соодветна примена на другите одредби од ЗКП

- Ако во одредбите на оваа глава не е предвидено нешто друго во однос на постапката за примена на мерки на безбедност или за конфискација на имотот и имотната корист, согласно ќе се применуваат другите одредби на овој закон, ако со одредбите на овој закон поинаку не е определено

# Посебна постапка за конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети

- Кога постојат фактички или правни пречки за водење на кривична постапка против сторител на кривично дело, судот по предлог на јавниот обвинител ќе спроведе посебна постапка за конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети, ако се исполнети условите од Кривичниот законик
- Во постапката од ставот (1) на овој член, на предлог на јавниот обвинител, ќе се изведат потребните докази. Судот со решение ќе изрече мерка конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети ако се докаже дека се работи за имот и имотна корист стекнати со кривично дело или за предмети кои се употребени или настанале со извршување на кривично дело или треба да се одземат според одредбите на Кривичниот законик
- Против решението од ставот (2) на овој член лицето од кое се конфискува имотот или имотната корист или одземаат предметите има право на жалба до непосредниот повисок суд во рок од осум дена

# Извршување на конфискација на имот и имотна корист

- Конфискација на имот и имотна корист се извршува во рок од 30 дена по правосилноста на пресудата
- Налогот за извршување го издава судот што ја донел првостепената пресуда
- Извршувањето се спроведува над имотот и имотната корист определени со судската одлука, а ако тоа делумно или целосно не е можно, извршувањето се спроведува од преостанатиот имот на лицето на кое му е изречена таква мерка
- Приговор на извршноста не е дозволен, а присилното извршување ќе се запре само ако лицето доброволно го врати имотот или ја плати висината на имотната корист на сметката на судот. Банките и другите финансиски институции каде што е сметката врз која се извршува оваа мерка, се должни да ја извршат без никакво одлагање и да спречат евентуално пренесување или финансиски трансакции

# Извршување на конфискација на имот и имотна корист

- Правните дела склучени по извршувањето на кривичното дело, а со намера да се намали вредноста на имотот што е предмет на конфискација, се неважечки

- Приговорот е дозволен само по налогот со кој се определува извршувањето над останатиот имот

- Приговорот се поднесува во рок од осум дена до непосредно повисокиот суд, кој одлуката ја донесува во рок од осум дена

# Привремено одземање на имот или предмети заради обезбедување (член 202 од ЗКП)

- Судот може во кое било време во текот на кривичната постапка да донесе, по барање на јавниот обвинител, привремена мерка одземање на имот или предмети кои според КЗ треба да се одземат, мерки на запленување или друга неопходна привремена мерка за да се спречи користењето. отуѓувањето или располагањето со тој имот или предмети
- Барањето на јавниот обвинител од ставот (1) на овој член содржи: краток опис на кривичното дело и неговиот законски назив, опис на имотот или предметите што потекнуваат од извршување на кривично дело, податоци за лицето што го поседува тој имот или предмети, докази на кои се засновува сомневањето дека имотот, односно предметите потекнуваат од кривично дели и причини за веродостојноста дека до крајот на кривичната постапка ќе биде особено отежнато или оневозможено одземањето на имотот или предметите

# Привремено одземање на имот или предмети заради обезбедување (член 202 од ЗКП)

- Пред почетокот и во текот на претходната постапка по барањето на ЈО од ставот (1) на овој член одлука донесува судијата на претходна постапка, а по подигање на обвинението судот пред кој ќе се одржи претресот. Судијата на претходна постапка одлучува по барањето на ЈО веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од приемот на барањето. Ако судијата на претходна постапка не го прифати барањето на ЈО без одлагање ќе побара одлука да донесе советот од членот 25 став (5) од ЗКП. Советот донесува одлука во рок од 24 часа од приемот на барањето

- Во решението за изрекување на мерките од ставот (1) на овој член, судот ќе ја означи вредноста и видот на имотот, односно предметот и времето за кое се одзема

# Привремено одземање на имот или предмети заради обезбедување (член 202 од ЗКП)

- Против решението на судијата на претходна постапка со кое се одредени мерките од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба во рок од 24 часа. За жалбата одлучува советот од членот 25 став (5) од ЗКП. Жалбата не го задржува извршувањето на решението
- Ако постои опасност од одлагање, правосудната полиција привремено може да одземе имот или предмети од ставот (1) на овој член, да ги заплени или да преземе други неопходни привремени мерки за да се спречи било какво нивно користење, отуѓување или располагање. За преземените мерки мора веднаш да се информира ЈО, а преземените мерки мора да бидат одобрени од страна на судијата на претходна постапка во рок од 72 часа од нивното преземање

## Привремено одземање на имот или предмети заради обезбедување (член 202 од ЗКП)

- Доколку судијата на претходна постапка не даде одобрение, преземените мерки од ставот (6) на овој член ќе се запрат, а привремено одземениот имот или предмети веднаш ќе му се вратат на лицето од кое се одземени

- Мерките од ставот (1) на овој член може да траат најдолго до завршување на кривичната постапка пред првостепениот суд

- Ако мерките од ставот (1) на овој член се определени во претходната постапка, ќе се укинат по службена должност доколку истражната постапка не започне во рок од три месеци до денот на донесување на решението со кое се определени

# Привремено одземање на имот или предмети заради обезбедување (член 202 од ЗКП)

- Пред истекот на роковите од ставот (9) на овој член мерките можат да се укинат по службена должност од судот или по барање на ЈО, односно заинтересираното лице, ако се покаже дека не се потребни или оправдани со оглед на тежината на кривичното дело, имотните прилики на лицето на кое се однесуваат или приликите на лицата кои според закон ова лице е должно да ги издржува и околностите кои укажуваат дека одземањето на имотот или предметите нема да биде оневозможено или особено отежнато до завршување на кривичната постапка.

# Привремено одземање на имот или предмети заради обезбедување (член 202 од ЗКП)

- Сите дејствија врз имотот и предметите што се предмет на обезбедување, а ако се преземени по поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член, се ништовни

- Барањето од ставот (1) на овој член и одлуката за изрекување на мерките од ставот (1) на овој член без одлагање се доставуваат по електронски пат до сите надлежни органи за евиденција на имотот и предметите чие обезбедување се бара и определува

# Сентенца

- Непосредната и посредната имотна корист се конфискува и од трети лица за кои е остварена со извршување на кривично дело. Третите лица го имаат товарот на докажувањето по однос на имотот, а по однос на кривичното дело, товарот на докажувањето е на тужителот

- Сентенца на Врховниот суд на РС Македонија – Судска пракса по однос на конфискација на имот и имотна корист

# Сентенца

- Конфискацијата на имот и имотна корист од членови на семејство кој бил стекнат со незаконски средства, не претставува повреда на член 1 од протокол број 1 од ЕКЧП, дотолку повеќе што истите имале можност да користат правни лекови и да предочат докази за кои сметале дека се неопходни за заштита на нивните права и интерес
- Имотот и имотната корист се конфискува и од трети лица врз кои е пренесена без соодветен надоместок, ако не знаеле, а можеле и биле должни да знаат дека е стекната со кривично дело

# Сентенца

- Во согласност со востановената практика на ЕСЧП, членот 1 од Протоколот бр.1 го гарантира правото на сопственост и опфаќа три одделни правила: првото е од општ карактер и го предвидува принципот на мирно уживање на сопственоста. Второто правило го опфаќа одземањето на сопственоста и предвидува услови за истото, додека пак третото правило упатува дека државите се овластени, меѓу другото, да ја контролираат употребата на сопственоста во согласност со општиот интерес. Попречувањето за целите на членот 1 од Протоколот бр. 1 мора да е предвидено со закон и мора да се стреми кон една или повеќе легитимни цели, дополнително, мора да постои разумен однос на пропорционалност помеѓу преземените мерки кои довеле или кои

# Сентенца

- претставуваат попречување на правото на сопственост и целта или целите кон чие остварување се цели *(Василевски против Република Македонија (Vasilevski v. the former Yugoslav Republic of Macedonia),* бр. 22653, §§ 47-49, 28 април 2016 година, *Андоноски против Република Македонја (Andonoski v. the former Yugoslav Republic of Macedonia),* бр. 16225/08, §§ 28-29, 17 септември 2015 година и *Сулејмани против Република Македонија (Sulejmani v. the former Yugoslav Republic of Macedonia),* бр. 74681/11, §§ 32-33, 28 април 2016 година).

# Сентенца

- Правото на мирно уживање на имот е пропишано во член 1 од Протоколот бр.1 кон Конвенцијата, со кој се гарантира право на имот и штити поединци или правни лица од самоволно мешање на државата во нивните имотни права (*Маркс против Белгија (Marckx v. Belgium)*, 13 јуни 1979, § 63, Series A no. 31). Членот 1 од Протоколот бр.1 наметнува и негативни и позитивни обврски за државата, со цел да се заштити правото на уживање на имот (*Онерјлдиз против Турција (Oneryildiz v. Turkey* [GC] бр. 48939/99, § 134 ECHR 2004-XII). Европскиот суд за човекови права го признава правото на државата да одзема имот од поединци, или правни лица под услови кои се одредени со член 1 од Протоколот бр.1. Конкретно, секое мешање мора да биде во согласност со јавниот интерес, мора да биде спроведено така што да се почитува принципот на владеење на правото и мора да биде сразмерно во однос на неговата легитимна цел.

# Пракса на ЕСЧП

- Во повеќе свои одлуки, ЕСЧП се има изјаснето дека конфискувањето предмети врз основа на царински прописи или посебно антимафијашко законодавство со кое товарот на докажување е префрлен врз трети лица не е во спротивност со загарантираното право на сопственост (така е во случаите на примена на италијанското антимафијашко законодавство, како што е Raimondo v. Italy, 1994 година и др.) Во овие случаеви ЕСЧП нема утврдено повреда на правото

# ПРАКСА НА ЕСЧП

- ЕСЧП во врска со повредата на членот 8 од ЕКЧП, во пресуда образложува дека и покрај тоа што конфискуваната куќа била семејниот дом на жалителите, изречената мерка „Конфискација на куќа финансирана од трговија со дрога“, за која жалителите истакнуваат дека го спречила остварувањето на нивното право на почитување на нивниот приватен и семеен живот и нивниот дом, била законски предвидена и насочена кон целта од јавен интерес за борба против трговијата со дрога по пат на одвраќање од идејата за прикривање на незаконски стекнатиот имот и перењето пари.

# ПРАКСА НА ЕСЧП

- ЕСЧП одлучува дека има повреда на правото на сопственост загарантирано со членот 1 од Протоколот, кога е во прашање, на пример, конфискување, односно одземање возило кое било користено како превозно средство за извршување казнено дело. Конфискувањето ја следело легитимната цел за борба против нелегалната трговија со дрога. Сепак, националните судови не ја зеле предвид легалноста на конфискувањето од аспект на домашното право, поточно дали вредноста на возилото значително ја надминувала вредноста на шверцуваната дрога.

# Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“

*Б Л А Г О Д А Р А М*

*С у д и ј а*

*м-р Татјана Петровска*